# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

# ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

# ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| **НАСТАВНИ ТЕМИ** | |
|---|---|
| 1. ЖИВИТЕ СУШТЕСТВА И НИВНИТЕ ЖИВЕАЛИШТА | 12 часа |
| 2. РАСТЕНИЈА ШТО ЦВЕТААТ | 10 часа |
| 3. ПОТЕКЛО, СВОЈСТВА И ПРИМЕНА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ | 12 часа |
| 4. ЗЕМЈАТА, СОНЦЕТО И МЕСЕЧИНАТА | 12часа |
| 5. ЕНЕРГИЈА | 26 часа |
| **ВКУПНО** | 72 часа |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ПРИРОДНИ НАУКИ |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | задолжителен |
| **Одделение** | II -ВТОРО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Живите суштества и нивните живеалишта<br>2. Растенија што цветаат<br>3. Потекло, својства и примена на материјалите<br>4. Земјата, Сонцето и Месечината<br>5. Енергија |
| **Број на часови** | 2 часа седмично / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Флипчарт (мала преносива табла на која може да се црта и пишува), маркери, хартија за цртање, боички, линијар, ножици, лепило, леплива лента, компјутер, проектор.<br>✓ Картонски кутии, природен материјал од растенија (целер, цвеќиња за во вазна), дрвца, листови, тревки, камчиња, саксии, почва, семки од грав, леќа, пченица, пластични шишиња, пластични чаши, вазни, прехранбена боја, пластелин.<br>✓ Различни материјали: дрво, камен, памук, волна, свила, метал, пластика, гума, стакло, керамика, хартија, стиропор, најлон и предмети изработени од нив.<br>✓ Ластичиња, парчиња различен текстил, тегови, различни видови хартија, пластични чаши, метални, пластични и дрвени лажички, магнет.<br>✓ Модел на Сонце, Земја и Месечина, постер илустрација на месечеви мени, глобус.<br>✓ Џамлии/скокалчиња, пинг-понг топчиња, тениски топчиња, топки со различни големини.<br>✓ Хартиена вртелешка, пропелер на вода (играчка), автомобил играчка на батерии, автомобил играчка со соларен панел, светилка, метална лажичка, стаклена чаша, мраз, сладолед, чоколадо, електрично решо, дигитален термометар, батериска ламба, ласер, молив, гума, провидна пластика, стаклена чаша/тегла, марамче, батерија, жици, прекинувач, светилка, постери на електроцентрали.<br>✓ Работни листови (според учебник/прирачник). |

resursi.literatura.mk

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Подрачје: <u>Математика и природни науки</u>**

| Ученикот/ученичката знае и/или умее: | |
|---|---|
| III-A.28 | да ги користи основните научни сознанија за да го објаснува природниот свет; |
| III-A.30 | да организира и претставува квантитативни податоци табеларно, графички, со дијаграм и скици и да толкува податоци од различни области претставени на различни начини; |
| III-A.34 | да разликува и класифицира супстанци и да го поврзува нивниот состав со нивните својства; |
| III-A.43 | да идентификува и истражува појави во живата и неживата природа; |
| III-A.46 | да опишува и анализира основни физиолошки процеси (нивната улога и функција) кои се случуваат кај живите организми и да ги претставува со слики, шеми, дијаграми и равенки; |
| III-A.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина; |
| III-A.52 | да го разбере значењето и потребата од одржливиот развој и критички да анализира ситуации во кои постојат конфликти на интереси меѓу потребата од економско-технолошки развој и заштитата на животната средина; |
| III-A.53 | да анализира односи меѓу еколошките, социјалните и економските системи од локално до глобално ниво; |
| III-A.54 | да ги објаснува физичките појави и да користи научни концепти во секојдневниот живот; |
| III-A.57 | да ги дискутира и анализира различните форми на енергија во природата, нивната појава и трансформација, процесите на пренесување и начините на употреба во модерната цивилизација; |
| III-A.58 | да ги анализира и графички да ги претставува светлинските појави користејќи светлински зрак; |
| III-A.59 | да го објаснува концептот на електричен полнеж и течењето на струјата низ едноставни струјни кола; |
| III-A.62 | да ги објаснува вселената и Сончевиот систем, карактеристиките на планетите, нивната релативна положба и движење, со |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| | посебен акцент на планетата Земја. |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| III-Б.5 | љубопитноста, систематичноста и иновативноста се клучни за развивање на научноистражувачката мисла; |
| III-Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина. |

**Подрачје: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Техника, технологија и претприемништво.**

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки. |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| | однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VII-А.1 | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот. |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ПРИРОДНИ НАУКИ** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Тема : ЖИВИТЕ СУШТЕСТВА И НИВНИТЕ ЖИВЕАЛИШТА** | Време на реализација 12 часа |
| **Изготвиле : Наташа Тодоровска** | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ ги идентификува, опишува и разликува условите за живот на живите суштества;
- ✓ идентификува членови на синџирот на исхрана и да ги групира живите суштества кои сами создаваат храна или се хранат со готова храна;
- ✓ ја објаснува важноста на пошумувањето, штедењето на водата, рециклирањето, реупотребата и намалувањето на отпадот за
- ✓ заштита на околината.

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови живеалишта (живеалиште, шума, езеро, ливада, бара)** | Препознава локални животни и растенија и нивните живеалишта. | 1 | •*Предлог активности* - Набљудување на непосредната околина, училишен двор и забележување во табела во тетратка/работен лист кои локални животни и растенија ги забележале и кои се нивните живеалишта.<br>•Учениците преку картички со слики ги именуваат животите и растенијата кои ги среќаваат во непосредната околина<br>•Активности во учебник стр. 10.<br>• Едуино лекција – Локални растенија(може да се прати линкот да го проследат и во домашни услови)<br>https://www.youtube.com/watch?v=hb6kY5SOGlk | тетратка<br>работен лист<br>учебник стр.10<br><br>картички со слики со растенија и животни<br><br>боички<br>компјутер<br>проектор<br>бела табла | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава и именува локални животни и растенија<br><br>Препознава живеалишта на локални животни и растенија |
| | Идентификува и опишува различни услови во различни живеалишта | 1 | •Учениците преку визуелна презентација се запознаваат со шумата, езерото, ливадата и барата како живеалишта, а потоа ги опишуваат различните услови за живот во нив.(учебник стр.8)<br>Предлог едукативни видеа - Наставникот преведува од англиски јазик: | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува и опишува услови за живот на растенија и животни во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови живеалишта (живеалиште, шума, езеро, ливада, бара)** | (шума, езеро, ливада, бара). | | • Видео - Бара и езеро - (1:39) https://www.youtube.com/watch?v=i8bStNahIjw&t=46s<br>• Видео - Шума како еко систем(3:25) https://www.youtube.com/watch?v=BwKU3FVoGMk<br>• Видео- Ливада и бара(2:53) https://www.youtube.com/watch?v=DA6zVGMB-yQ https://www.youtube.com/watch?v=qz4Ebk4eFCE<br>• Видео со сите живеалишта(9:41) https://www.youtube.com/watch?v=40B2IjLWfTQ<br>•Изведуваат заклучок за живеалишта и основните услови за живот во едно живеалиште: место, храна, вода и воздух.<br>• Индивидуална активност стр. 9 - Запишуваат растенија и животни кои се карактеристични за одредена животна средина. | работен лист<br><br>учебник стр.8,9 | различни живеалишта (шума, езеро, ливада, бара).<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Набројува растенија и животни кои живеат во шума, езеро, ливада и бара.<br><br>Поврзува растенија и животни со конкретно живеалиште. | 2 | • Учениците се поделени во 4 групи. Секоја група има картички со животни и растенија кои живеат во одредно живеалиште<br>• шума - срна, зајак, волк, лисица, верверичка, бор, ела, смрека, даб, бука...<br>• ливада - зајак, скакулец, змија, трева, пеперуга, глуварче, бела рада и други.<br>• бара - жаба, трски, алги и други. Штркот е повремен посетител на барата за да си обезбеди храна.<br>• езеро - риби, школки, алги, водни растенија и други.<br>• Учениците поврзуваат животни и растенија со живеалиштето на кое му припаѓаат(учебник стр. 14)<br>• Изработуваат постер за животни и растенија кои живеат во шума, езеро, ливада и бара. | картички со животни и растенија<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>учебник стр.11-14 | Усни одговори на прашања<br><br>Набројува растенија и животни кои живеат во шума, езеро, ливада и бара.<br><br>Практични изведби- Изработува живеалиште на растенија и животни<br><br>Одговори на квиз |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Учениците со картонска кутија и природен материјал (на пример: дрвца, листови, тревки, камчиња) дизајнираат 3Д-модел на шума, езеро, ливада и бара.<br>  <br>• Квиз- Видови живеалишта https://shorturl.at/gnk8t<br>• Крстозбор – Живеалишта и животни https://shorturl.at/z7ps2<br>• Повторување на тема- Живи суштества и живеалишта https://shorturl.at/0TkgD | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>картонска амбалажа<br>хартија во боја<br>природни и вештачки материјали<br><br>пластелин<br>пластични животни и растенија | Учество во изведување заклучоци |
| **Синџири на исхрана во живеалиштето (растенија, тревопасни животни, месојади, сештојади, синџир на исхрана)** | Објаснува како растенијата создаваат храна и набројува што е потребно за да може растението да се храни самостојно. | 1 | •Преку техника Бура на идеи учениците се искажуваат што знаат за растенијата(живи суштества, почва, вода, воздух, сонце, зеленчук, овошје, дрва, трева, цвеќиња...)<br>•Дискусија - Како се хранат растенијата?(учебник стр.15)<br>Учениците преку визуелна презентација се запознаваат со растенијата и начинот на кој тие создаваат храна. Потоа дискутираат за тоа што е потребно за да може растението да се храни самостојно.<br>•*Предлог видеа за фотосинтеза*(Наставникот преведува од англиски јазик)<br>https://www.youtube.com/watch?v=D1Ymc311XS8<br>https://www.youtube.com/watch?v=gkGe97NR5BU<br>https://www.youtube.com/watch?v=yHVhM-pLRXk<br><br>•Самостојна работа во работен лист(пополнуваат и обојуваат). | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>учебник стр.15<br><br>работен лист<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Објаснува како растенијата создаваат храна<br><br>Набројува што е потребно за да може растението да се храни самостојно.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Го објаснува начинот на исхрана кај | | •Преку техника **Бура на идеи** учениците се искажуваат што знаат за животните(живи суштества, домашни, диви животни, живеалишта, начин на храна, движење...) | компјутер<br>проектор<br>бела табла | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тревопасните животни, месојадите и сештојадите. | 1 | •Дискусија - Како се делат животните според начин на исхрана?(учебник стр.16)- постери со животни од различнни животни средини(домашни и диви животни, жвотни кои ивеат вовода, џунгла, поларни области)<br>•Учениците во тетратка ја запишуваат поделбата и набројуваат животни од секој вид:<br>• Тревопасни животни се: зајак, коњ, елен, коза, скакулци...<br>• Месојади се: лисица, волк, тигар, крокодил, лав...<br>• Сештојади се: мечка, птици, жаби, рак, верверица,<br>•Проверка за стекнати знаење- Квиз(месојадни или тревопасни животн)- https://shorturl.at/9lTNo | тетратка<br><br>постери со животни од различнни животни средини<br><br>учебник стр.16 | Знае дека животите се различкуваат според на чин на исхрана<br>Набројува и објаснува како се хранат животните.<br><br>Одговори на квиз |
| **Синџири на исхрана во живеалиштето (растенија, тревопасни животни, месојади, сештојади, синџир на исхрана)** | Набројува членови на синџир на исхрана<br><br>Претставува дијаграм на едноставен синџир на исхрана | 1 | •Преку видео приказна учениците се насочуваат да размислат зошто пајаковата мрежа претставувала опасност за другите инсекти(наставникот преведува од англиски јазик- корелација со македонски јазик) <br>https://www.youtube.com/watch?v=pXoogt1-EEE&t=33s<br>•Учениците преку приказната „Во пајакова мрежа“ учебник стр. 18 се запознаваат со поимот **синџир на исхрана.**<br>**(** *Корелација - На часот по ликовно образование илустрираат синџир на исхрана според приказната)*<br>•Преку постери/видео лекции/ визуелна презентација подготвена од наставник се запознаваат со членовите на синџирот на исхрана и дискутираат за нивната поврзаност во синџирот на исхрана.(учебник стр. 17,18-прилог 4)  <br>•*Предлог видеа за синџир на исхрана*(Наставникот преведува од англиски јазик)<br>https://www.youtube.com/watch?v=YuO4WB4SwCg<br>https://www.youtube.com/watch?v=j78g5iRnYBM<br>*За време на слободни изборни активности или продолжен престој* учениците во групи изработуваат дијаграм на синџир | компјутер проектор бела табла тетратка<br><br>постери со синџир на исхрана<br><br>учебник стр.17,18<br><br>прилог број 4 | Усни одговори на прашања<br><br>Набројува членови на синџир на исхрана.<br><br>Претставува дијаграм на едноставен синџир на исхрана<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>на исхрана, почнувајќи од растение, тревопасно животно, сештојадно животно и/или месојадно животно.</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Грижа за околината (пошумување, штедење вода, рециклирање, реупотреба, отпад)</td><td>Опишува позитивни и негативни влијанија на човекот врз околината</td><td>1</td><td>•Учениците преку визуелна презентација се запознаваат со различните влијанија на човекот врз живеалиштата и дискутираат за тоа кои влијанија се позитивни, а кои негативни Се запишуваат во Т табела(на табла, а учениците во тетратка или работен лист<br><table><tr><th>негативно влијание</th><th>позитивно влијание</th></tr><tr><td>сечење на шумите</td><td>пошумување</td></tr><tr><td>фрлање отпадоци/ѓубре</td><td>селектирање и рециклирање на отпадоците</td></tr><tr><td>неразумно трошење на водата</td><td>штедење на водата</td></tr></table>•Активности во учебник стр.19, 20- учениците откриваат како човекот за да го олесни својот живот ја изменува природата(позитивно и негативно влијание)<br>Патот на дрвото - Од шума до домовите, индустријата, градежништвото</td><td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>постери со синџир на исхрана<br><br>учебник стр.19,20<br><br>прилог број 4</td><td>Усни одговори на прашања<br><br>Опишува позитивни и негативни влијанија на човекот врз околината<br><br>Учество во изведување заклучоци</td></tr>
<tr><td>Ја објаснува важноста на водата потребна за живот</td><td>1</td><td>•Учениците се насочуваат во парови да запишат зошто ја користиме водата(пиење, готвење, хигиена во домот, лична хигиена, наводнување...)<ul><li>Што би се случило доколку најмалку 1 ден немаме вода во нашиот дом/град(дефект со водоводната мрежа)?</li><li>Како ќе се организираме за извршување на секојдневните активности?</li></ul>•Активности во учебник стр.22 и изведување заклучоци:<ul><li>Без водата не може да се замисли животот на Земјата.</li><li>Водата за користење треба да биде чиста.</li><li>Во природата нема доволно чиста вода за пиење, затоа треба да ја чуваме и штедиме.</li></ul>22 март светски ден на заштита на водата<br>https://www.youtube.com/watch?v=WNVUn6UCJG8<br>https://www.youtube.com/watch?v=c-3KCzxEgek<br>•Учениците во парови/мали групи илустрираат пораки за штедење на водата(постер со пораки)</td><td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>постери со синџир на исхрана<br><br>учебник стр.22<br><br>прилог број 4</td><td>Усни одговори на прашања<br><br>Ја објаснува важноста на водата потребна за живот<br><br>Учество во изведување заклучоци</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Грижа за околината (пошумување, штедење вода, рециклирање, реупотреба, отпад)** | Наведува примери на материјали кои може да се рециклираат и реупотребуваат | 1 | •Учениците се искажуваат што подразбираат под поимот **отпад**.<br>• Како да ја заштитиме околината од различен вид на отпад?(учебник стр.21)<br>•Учениците следат видео- Селектирање на отпад во твојот дом https://www.youtube.com/watch?v=HQUvZseHiYY<br>Предлог идеи за активности за селектирање и рециклирање<br>• Активности во учебник стр. 23 и прилог 5<br>• Материјали за печатење https://www.pinterest.com/pin/154881674679229186/<br>•Во мали групи, преку игра групираат предмети за селектирање отпад во соодветно обоена кутија (хартија во сина кутија, пластика во жолта кутија и стакло во зелена кутија). Дополнително, групираат и батерии кои ги ставаат во помала кутија, што треба да се испразни на места посебно означени за тоа (на пример, во маркети, трговски центри).<br>• Едукативно видео https://www.youtube.com/watch?v=NeOIp0IeGO8 | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>постери со синџир на исхрана<br><br>учебник стр.21,23<br><br>прилог број 5 | Усни одговори на прашања<br><br>Наведува примери на материјали кои може да се рециклираат и реупотребуваат<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Препознава начини на грижа за непосредната околина и живеалиштата. | 1 | •Учениците се искажуваат за живеалишта. Се насочуваат на размислување како човекот со тоа што ја изменува природата за свои потреби уништува живеалишта на некои растенија и животни (сечење дрвја, градење патишта и објекти, загадување на водата, почвата и воздухот)<br>•Поделени во мали групи/парови, изнаоѓаат решенија за заштита на живеалиштата.Пример9учебник стр.<br>• Прва група – Што ќе се случи ако се исече едно дрво? Кои живи суштества ќе останат без живеалиште? Како ќе им помогнете?<br>• Втора група – Што се случува со некои живи суштества кога доаѓа зимата? Кои суштества ќе останат без храна? Како ќе им помогнете?<br>• Трета група – Што ќе се случи со живите суштества кои живеат во нив? Како можеме да го намалиме загадувањето на водите | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>тетратка<br><br>постери со синџир на исхрана<br><br>учебник стр.24<br><br>прилог број 5 | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава начини на грижа за непосредната околина и живеалиштата<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Оценување на наученото** | 1 | Активности за проверка на совладаноста на резултатите за учење од Тема 1- Живите суштества и нивните живеалишта | работен лист | Одговори во работен лист |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ПРИРОДНИ НАУКИ** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Тема : РАСТЕНИЈА ШТО ЦВЕТААТ** | Време на реализација 10 часа |
| **Изготвиле :** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ препознава, именува и групира делови на растението според нивната улога;
- ✓ ја објаснува потребата од вода, светлина и топлина за правилен раст и развиток на растението;
- ✓ ја препознава и објаснува важноста на коренот и стеблото за пренесување на водата низ растението.

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Делови на растението** (корен, стебло, лист, цвет, плод , семе, впивање вода, пренесување вода и храна, создавање храна) | Препознава и именува делови на растението.<br><br>Го поврзува изгледот на деловите на растението со нивната улога. | 1 | •Преку текстуална приказна учениците ги повторуваат деловите на растението(учебник стр.29)<br>•Учениците преку слики именуваат различни видови растенија и ги препознаваат деловите на растението кај секое од нив(учебник стр. 30).<br>•Пред учениците се прикажуваат повеќе растенија(морков, цвекло, спанаќ, кромид, грав, грашок, јаболко... и се насочуваат да се искажат кој дел од растението е пример јаболкото, кој дел е морковот, а кој дел е спанаќот).<br>•Работни листови- идеи https://rb.gy/rgcam5<br>•Во училишниот двор учениците, поделени во групи, ги идентификуваат деловите на растенијата кои ги набљудуваат. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>презентација - слики со различни видови растенија<br><br>учебник стр.29,30<br>тетратка<br>работен лист<br><br>морков, цвекло, спанаќ, кромид, грав, грашок, јаболко. | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава и именува делови на растението.<br><br>Го поврзува изгледот на деловите на растението со нивната улога.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Наставникот ги прикажува деловите на растението преку визуелна презентација, а учениците ги дискутираат нивните улоги (на пример: коренот впива вода, стеблото пренесува материи, листот создава храна, цветот привлекува инсекти, | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер | Усни одговори на прашања<br>Ја опишува улогата на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Делови на растението** (корен, стебло, лист, цвет, плод , семе, впивање вода, пренесување вода и храна, создавање храна) | Ја опишува улогата на коренот за впивање вода; стеблото за пренесување вода и храна; листовите за создавање храна; цветот, плодот и семето за добивање нови растенија. | 2 | плодот го штити семето, а од семето се добива ново растение).<br>*Предлог видеа за подготовка на активности:*(наставникот преведува од англиски)<br>*https://www.youtube.com/watch?v=v6YhghG7mzQ*<br>https://www.youtube.com/watch?v=A-xScqCN0GA<br>https://www.youtube.com/watch?v=p3St51F4kE8<br>https://www.youtube.com/watch?v=2SBVz4MgeIE<br>• Активности во учебник стр. 31-34.<br>• Учениците се поделени во групи- Секоја група изработува постер од различен дел на растението.<br>1 гр. - Корен и негова улога<br>2 гр - Стебло и негова улога<br>3 група - Лист и негова улога<br>4 група – Цвет, плод и семе  и нивна  улога<br><br>  <br>  | учебник стр.31-34<br>тетратка<br>работен лист<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>слики со делови на растенија<br><br>хамери-бели или во боја<br><br>ножици<br>лепило | коренот за впивање вода.<br><br>Ја опишува улогата на стеблото за пренесување вода и храна.<br><br>Ја опишува улогата на листовите за создавање храна.<br><br>Ја опишува улогата на цветот, плодот и семето за добивање нови растенија.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Услови за растење на растенијата** (светлина, топлина и вода) | Набројува услови за растење на растенијата.<br><br>Објаснува како условите за растење влијаат врз растенијата (светлината и | 1 | • Учениците во групи подредуваат слики од семка до растение. Се насочуваат да размислат:<br>• Што им е потребно на растенијата за да растат и да се развиваат?<br>• Преку визуелна презентација наставникот ги прикажува условите за растење на растенијата, а учениците дискутираат за тоа како тие влијаат (светлината и водата за создавање храна, топлината за правилен раст и развиток на растението).<br>•*Предлог видеа за подготовка на активности:*<br>(наставникот преведува од англиски) | слики од семка до растение<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.35,36<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Набројува услови за растење на растенијата.<br>Објаснува како условите за растење влијаат врз растенијата |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | водата за создавање храна, топлината за правилен раст и развиток на растението). | | https://www.youtube.com/watch?v=JSe_VUMymjo<br>https://www.youtube.com/watch?v=TE6xptjgNR0<br>https://www.youtube.com/watch?v=ro8Z9qIlWjM<br>•Се запознаваат со важноста на условите за живот вода, воздух, сонце(топлина и светлина)-учебник стр.35,36<br>• Ги илустрираат условите за живот на едно растениие | работен лист<br><br>боички | Учество во изведување заклучоци |
| **Услови за растење на растенијата** (светлина, топлина и вода) | Објаснува како условите за растење влијаат врз растенијата (светлината и водата за создавање храна, топлината за правилен раст и развиток на растението).<br><br>Ги објаснува потребата за вода кај растенијата и врската меѓу недостигот на вода и овенувањето кај растението. | 2 | • *Претходна подготовка* - Истражувачка постапка„Ртење“ за почната за време на продолжен престој или слободни изборни активности(учебник стр.28)<br>Како да засадиш семе(наставникот преведува од англиски)<br>https://www.youtube.com/watch?v=MBYeZEPB8x0<br>https://www.youtube.com/watch?v=tkFPyue5X3Q<br>•Учениците, поделени во мали групи, засадуваат семки од растенија во саксии (на пример: грав, леќа, пченица), одгледуваат растенија и воочуваат што ќе се случи со растенијата кои растат во различни услови Се следат промените и тековно се заведуваат.( учебник стр. 37, 38, 39<br>1 група: Засадено растение полевани/неполевани со вода<br>• Што ќе се случи со растението што нема вода? (прилог 8).<br>2 група: Засадено растение поставено на светло/темно<br>• Што ќе се случи со растението што нема светлина? (прилог 9)<br>3 фрупа: Засадено растение поставено на топло/ладно<br>• Што ќе се случи со растението ако го ставиме на ладно место? (фрижидер) (прилог 10).<br>Изведуваат заклучоци врз основа на промените кои ги имаат воочено. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.28, 37, 38, 39<br><br>саксии<br>изртени семиња од различни растенија<br>почва<br><br>картички за означување на растенијата и условите во кои се поставувват | Усни одговори на прашања<br><br>Објаснува како условите за растење влијаат врз растенијата<br><br>Објаснува зошто е неопходна водата за раст и развој на растението.<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | Дискусија со учениците:<br>• Кои услови му беа потреби на нашите растенија за да растат и да се развиваат?<br>• Зошто е неопходна водата за раст и развој на растението?(учебник стр. 38) | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Која е улогата на Сонцето за раст и развој на растението? ?(учебник стр. 39) | | |
| **Пренесување вода низ растението** | Идентификува делови на растението низ кои се врши пренесување на водата.<br><br>Опишува како се пренесува водата низ растението. | 2 | • *Претходна подготовка на учениците за истражувачки активности*- Пренесување вода низ растението(учебник. Стр.40,41)<br>Учениците, поделени во мали групи/парови, изведуваат експеримент за впивање вода преку коренот на растението (на пример: пренесување обоена вода низ стеблото на целер). Заеднички дискутираат што се случило со целерот и зошто.<br>https://www.youtube.com/watch?v=KIug9Foou3s<br>https://www.youtube.com/watch?v=akt8mjmOalI<br>• Учениците на работен лист илустрираат по кој редослед се врши пренесувањето на водата од коренот до листовите.<br>• Учениците воочуваат промена во изгледот на растенија (на пример: трендафил, лале, зумбул, темјанушка и др.) кои се ставени во вазна со вода и во вазна без вода, ги илустрираат и дискутираат за причините за таквите промени. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.40,41<br><br>Две просирни тегли<br>Две ќесички со боја за храна (црвена и сина)<br>Две стебленца од целер<br><br>лупа | Идентификува делови на растението низ кои се врши пренесување на водата.<br><br>Опишува како се пренесува водата низ растението.<br><br>Придонес во групни активности<br>Учество во изведување заклучоци |
| **Делови на растението**<br>**Услови за растење на растенијата**<br>**Пренесување вода низ растението** | Проверка на совладаноста на стандардите за оценување од темата | 1 | • Активности за повторување- учебник стр. 42<br>• Индивидуална работа на учениците.<br>• Давање дополнителни појаснувања доколку има потреба за некои содржини и поими и насоки за подготовка за тематски тест. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.42<br>тетратка | Усни одговори на прашања |
| **Оценување на наученото** | | 1 | Активности за проверка на совладаноста на резултатите за учење од Тема 2- Растенија што цветаат | работен лист | Одговори во работен лист |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет :** ПРИРОДНИ НАУКИ | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Тема : ПОТЕКЛО, СВОЈСТВА И ПРИМЕНА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ** | Време на реализација 12 часа |
| **Изготвиле :** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**<br>**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**<br>✓ разликува и класифицира различни материјали како природни и вештачки;<br>✓ открива присуство и изразеност на одредени својства кај различни материјали;<br>✓ објаснува како примената на материјалите зависи од нивните својства. | |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Природни и вештачки материјали (материјали, дрво, камен, памук, волна, свила, метал, пластика, гума, стакло, керамика, хартија, стиропор, најлон)** | Прави разлика меѓу материјали од природно и вештачко потекло. | 1 | •Повторување за материјали од прво одделение - Именуваат предмети од училницата и се искажуваат од каков материјал се направени.<br><br><br>•Учениците следат визуелна презентација и дискутираат за потеклото на материјалите и ги класифицираат на природни и вештачки.- (учебник стр.44)<br>Видео - Природни и вештачки материјлаи<br>https://www.youtube.com/watch?v=wmXXR3ECQD0<br>•Изведуваат заклучоци за видови материјали според потеклото.<br>• Материјалите можат да бидат природни и вештачки.<br>• Природните материјали доаѓаат од растенијата, животните, карпите...<br>• Вештачките материјали ги создава и обработува човекот за своите потреби. | предмети од училницата<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр. 44<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика меѓу материјали од природно и вештачко потекло.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Природни и вештачки материјали (материјали, дрво, камен, памук, волна, свила, метал, пластика, гума, стакло, керамика, хартија, стиропор, најлон)** | Класифицира различни материјали според нивното потекло на природни и вештачки.<br><br>Го поврзува природниот материјал со неговото потекло. | 2 | • Учениците, поделени во мали групи/парови, набљудуваат предмети изработени од различни материјали и го одредуваат видот и потеклото на материјалот.(учебник стр.45 и 46)<br>•Дискусија - Од какви материјали се изработени предметите што ги користиме секој ден?<br>• Облека - памук и волна;<br>• Прибор за јадење (ножеви, лажици и виљушки)-метал, дрво или пластика;<br>• Предмети направени од различни материјали-(паметните телефони се направени од пластика, стакло, метал и друго).<br>•Патот на памукот до фабрките<br>https://www.youtube.com/watch?v=QHgNoSYlhYs<br>https://www.youtube.com/watch?v=SY8pZ8eRdfY<br>•Како се добива стакло?<br>https://www.youtube.com/watch?v=Bt89zTwKyE4<br><br>• Учениците по претходна подготовка носат предмети од различни материјали(играчки од пластика, дрво, гума...)<br>•Во мали групи/парови, ги класифицираат предметите според потеклото на материјалите( природни или вештачки).<br>Секој ученик пополнува работен лист во кој поврзува дадени природни материјали со нивното потекло.<br>*Корелација со македонски јазик и ликовно образование*<br>•Преку составување на краток текст учениицте по гповрзуваат природниот матријал со неговото потекло(пример: банка на зборови: овца, ножици, клопче, волна. игли, капа...)<br>Во тетратка цртаат предмети направени од природен и вештачки материјал. | Предмети изработени од различни материјали<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр. 45,46<br>тетратка<br>работен лист<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Класифицира различни материјали според нивното потекло на природни и вештачки.<br><br>Го поврзува природниот материјал со неговото потекло.<br><br>Придонес во работа во пар/група.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Идентификува својства на различни природни и | 2 | •Учениците набљудуваат различни природни и вештачки материјали(дрво, памук, волна, пластика, метал стакло, хартија) и се искажуваат кои од нив се тврди, меки, еластични, кршливи, кинливи, проѕирни и сл. | Предмети изработени од различни материјали | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Својства на материјалите (тврдина, еластичност, впивливост на вода, кршливост, кинливост, проѕирност, сјај, спроводливост на топлина, магнетност)** | вештачки материјали.<br><br>Поврзува одредено својство со конкретен материјал. | | •Се запознаваат со својства на материјалите: тврдина, еластичност, впивливост на вода, кршливост, кинливост, проѕирност, сјај, спроводливост на топлина, магнетност.<br>•Својствата ги испишуваат на поцврта картичка и се истакнуваат во природонаучното катче.<br>•Учениците избираат 2-3 материјали и запишуваат свои размислувања какви својства има.(учебник стр.47, 48, 49) | Кутија предмети:камен, дрвени и пластични предмети, џамлија, сунѓер, парче ткаенина<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр. 47, 48,49<br>тетратка<br>работен лист<br>боички | Идентификува својства на различни природни и вештачки материјали.<br><br>Поврзува одредено својство со конкретен материјал.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Активност: Што се крие во кутијата?<br>Во една кутија се наоѓаат различни предмети:камен, дрвени предмети(играчки), џамлија, сунѓер, парче ткаенина ,пластична играчка и сл. Преку насочени прашања со помош на своите сетила ги откриваат својствата на материјалите.<br>•Учениците добиваат работен лист каде во табела се запишани сите материјали и нивните својства. Треба со ставање на знак (+)да се искажат ако сметаат дека тоа својство е присутно кај материјалот или (– )ако својството е отсутно.<br>•Предлог идеи за изработка на работен лист<br>https://shorturl.at/vFsaF | | |
| | Поврзува одредено својство со конкретен материјал.<br><br>Прави споредба на степенот на изразеност/ интензитетот на одредено својство кај различни материјали. | 3 | •Анимирано видеоприказна - Од каков материјал да ја изработат својата куќа трите прасиња?<br>https://www.youtube.com/watch?v=S0d0eIqaim8<br>•Учениците, поделени во мали групи/парови, изведуваат експерименти со кои ја истражуваат **тврдината на различни материјали** (на пример: стиропор, гума и дрво) со помош на сетилото за допир, прават споредба, а потоа ги рангираат материјалите според тврдината.<br>• Учениците, поделени во мали групи/парови, изведуваат експерименти со кои ја истражуваат **еластичноста на различни материјали** (на пример: ластичиња изработени од различна гума или парчиња различен текстил) при „фер“ услови, притоа мерејќи ја нивната должина по истегнувањето. Резултатите од мерењата учениците ги претставуваат табеларно, прават споредба и ги рангираат материјалите според еластичноста. | Предмети изработени од различни материјали<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр. 47-50<br>тетратка<br>работен лист<br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Поврзува одредено својство со конкретен материјал.<br><br>Прави споредба на степенот на изразеност/ интензитетот на одредено својство кај различни материјали. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Својства на материјалите (тврдина, еластичност, впивливост на вода, кршливост, кинливост, проѕирност, сјај, спроводливост на топлина, магнетност)** | Поврзува одредено својство со конкретен материјал.<br><br>Прави споредба на степенот на изразеност/ интензитетот на одредено својство кај различни материјали. | | • Својства на материјалите - Материјали кои впиваат/не впиваат вода.<br>https://www.youtube.com/watch?v=JpUIytR9Aes<br>Учениците, поделени во мали групи/парови, изведуваат експерименти со кои ја истражуваат **впивливоста на водата** кај различни видови хартија со иста големина, потопени во еднаков волумен вода (секое парче хартија во посебен сад со вода) за исто време, притоа мерејќи го волуменот на невпиена вода. Резултатите од мерењата учениците ги претставуваат табеларно, прават споредба и ги рангираат различните видови хартија според впивливоста. | метална, пластична и дрвена лажичка чаши со вода<br><br>различни видови н хартија | Придонес во работа во пар/група.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | • Учениците, поделени во мали групи/парови, изведуваат експерименти со кои ја истражуваат:<br>**Спроводливоста на топлината кај различни материјали** (на пример: метална, пластична и дрвена лажичка ставени за исто време во чаша со одреден волумен топла вода загреана на околу 40 оС, по што со сетилото за допир го детектираат степенот на загреаност на лажичките). Учениците ги споредуваат резултатите и ги рангираат материјалите според спроводливоста на топлината.<br>•**Магнетноста на различни материјали** (на пример: метални спојувалки, монети, метален накит, пластични коцки, парченца дрво, стаклени перли, гумени ластичиња и сл.) врз основа на постоењето или непостоењето привлечни сили меѓу материјалот и магнетот. | магнети метални спојувалки, монети, метален накит, пластични коцки, парченца дрво, стаклени перли, гумени ластичиња | |
| **Примена на материјалите** | Набројува различни примени на одреден материјал. | 1 | •Учениците преку игра „Кажи предмет изработен од...“ набројуваат предмети изработени од определен материјал.<br>•Индивидуална работа- учебник стр.51<br>• Напиши или нацртај пример на некој предмет кој е изработен од посочените материјали.<br><br>Може да се мери време кој од учениците ќе биде најбрз. | компјутер проектор бела табла маркер<br><br>учебник стр. 51 тетратка работен лист боички | Усни одговори на прашања<br><br>Набројува различни примени на одреден материјал. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Примена на материјалите** | | | •Видео со кое се прави кратко потсетување на својствата на материјалите и се прави поврзување со нивната примена. (Наставникот преведува од англиски јазик)<br>https://www.youtube.com/watch?v=JCKSMsbpn1Y<br>Учениците следат визуелна презентација со примери на различни материјали и дискутираат каде материјалите наоѓаат примена во секојдневниот живот и зошто (на пример: стаклото се употребува за изработка на прозорци бидејќи е тврдо, не впива/не пропушта вода, просирно е; металот се употребува за изработка на садови за готвење бидејќи е тврд, не впива/не пропушта вода, не е кршлив, спроведува топлина | | Учество во изведување заклучоци |
